# ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ

| | | |
|---|---|---|
| Излегува по потреба | Број 13 | 24.09.2018 год. |

**ЈЕГУНОВЦЕ, СЕПТЕМВРИ 2018**

**Врз основа на член** 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот **за локалната** самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, **а во врска со член** 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на **Општина Јегуновце„** бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
За прогласување на Заклучок бр.08-1312/3 од 21.09.2018 г.

**Се прогласува** Заклучок бр.08-1312/3 од 21.09.2018 г. што Советот на Општина Јегуновце го донесе на седницата одржана на 21.09.2018 год.

Бр. 09-1338/1
24.09.2018 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Дарко Блажески,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („ Сл. весник на РМ„ бр. 5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Советот на Општина Јегуновце на тринаесетата седница одржана на ден 21.09..2018 год. по барање на Комисијата за урбанизам донесе

З А К Л У Ч О К

1. Месните заедници на територија на Општина Јегуновце се должни да изготват приоритетна листа за изградба на локални патишта и улици за 2018 год. со вкупна должина и истата да ја доставaт до Општина Јегуновце заклучно до 05.10.2018 год.

2. Комисијата за урбанизам при Советот на Општина Јегуновце по известување на МЗ е должна да излезе на лице место по населените места за да утврди кои од приоритетните патишта и улици ќе влезат во Програмата за изградба на патишта и улици за 2018 год.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Орхан Сабрии,с.р.

Бр.08-1312/3
21.09.2018 г.
Јегуновце

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Оперативен план за зимско одржување на локалната патна мрежа и улиците по населените места во општина Јегуновце за 2018 /2019

**Се прогласува** Оперативен план за зимско одржување на локалната патна мрежа и улиците по населените места во општина Јегуновце за 2018 /2019, што Советот на Општина Јегуновце го донесе на седницата одржана на 21.09.2018 год.

Бр. 09-1338/2
24.09.2018 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Дарко Блажески,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 а во согласност со член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/02) , член 21 став 1 точка 12 и 43 од Статутот на Општина Јегуновце („ Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03) и член 61 и 64 од Одлуката за комунален ред на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр.38/07), Советот на Општина Јегуновце на тринаесетата седница одржана на ден 21.09.2018 год. донесе

## О П Е Р А Т И В Е Н  П Л А Н

За зимско одржување на локалната патна мрежа и улиците
по населените места во Општина Јегуновце за 2018/2019

Овој оперативен план за зимско одржување на локалната патна мрежа по населените места во Општина Јегуновце е во согласност со оставрувањето на надлежностите на општината како и реализирањето на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалната патна мрежа и улиците по населените места во Општина Јегуновце.

1. Зимското одржување на локалната патна мрежа на територија на Општина Јегуновце опфаќа:

а.) Чистење на локалните патни правци:
- Локален пат во с.Јегуновце што го поврзува ОУ „Александар Здравковски со регионалниот пат Р-407.
- Од регионалниот пат Р-407 до мостот на реката Вардар
- Локалниот пат Сиричино-Туденце-Копанце-Раотинце-Подбреѓе;
- Локален пат Јегуновце-Раотинце (Чаковска улица од мостот до последната куќа);
- Прељубиште-Туденце;
- Локален пат Прељубиште-Жилче
- Пруга-Ратае;
- Шемшово-Озормиште (во должина од 850 м одн. 100 м до првата куќа во с. Озормиште)
- Од регионалниот пат Р-407 до крајот на селото во с.Јанчиште во должина од 700 м.
- чистење до училиштата, верските објекти и селските гробишта во сите населени места на територија на Општина Јегуновце.

б.) Чистење на локалните патни правци:
- Од регионалниот пат до центарот на Јажинце и новото подрачно училиште;
- Од регионалниот пат до центарот на Рогачево;
- Од регионалниот пат до центарот на Старо Село (под црква);
- Заобиколениот пат од сепарацијата на Сурин до црква
- Од регионалниот пат до центарот на Вратница;
- Од регионалниот пат до центарот на Беловиште со крак према м.в. Странчиња;
- Од регионалниот пат до селските гробишта во с.Оращје;
- Од регионалниот пат со крак нова населба до амбуланта Вратница;
- Локалниот пат од мотел Вратница до Беловиште

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

**РЕШЕНИЕ**

**За прогласување на Заклучокот за усвојување на Годишните прогами за работа на ООУ на територија на Општина Јегуноце за 2018/2019 г**

**Се прогласува** Заклучокот за усвојување на Годишните прогами за работа на ООУ на територија на Општина Јегуноце а 2018/2019 г., што Советот на Општина Јегуновце го донесе на седницата одржана на 21.09.2018 год.

Бр. 09-1338/3
24.09.2018 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Дарко Блажески,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) а во согласност со член 35 став 5 од Законот за основно образование ("Сл.весник на РМ" бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 15/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15 и 145/15), Советот на Општина Јегуновце на тринаесетата седница одржана на ден 21.09.2018 год., донесе

З А К Л У Ч О К
За усвојување на Годишни програми за работа на ООУ на територија на Општина Јегуновце за учебната 2018/2019 г.

1. Се усвојуваат Годишните програми за работа на ООУ на територија на Општина Јегуновце за учебната 2018/2019 г. за:

- ООУ „Александар Здравковски„ с.Јегуновце
- ООУ „Симче Настовски„ с.Вратница и
- ООУ „Шемшово„ с.Шемшово

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавување во службен гласник на Општина Јегуновце

Бр.08-1312/5
21.09.2018 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Орхан Сабрии,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Заклучокот за усвојување на Годишните извештаи за работа на ООУ на територија на Општина Јегуноце за 2018/2019 г

**Се прогласува** Заклучокот за усвојување на Годишните извештаи за работа на ООУ на територија на Општина Јегуноце а 2018/2019 г., што Советот на Општина Јегуновце го донесе на седницата одржана на 21.09.2018 год.

Бр. 09-1338/4
24.09.2018 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Дарко Блажески,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) а во согласност со член 126 став 1, алинеа 2 од Законот за основно образование("Сл.весник на РМ" бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 15/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15 и 145/15), Советот на Општина Јегуновце на тринаесетата седница одржана на ден 21.09.2018 год., донесе

З А К Л У Ч О К
За усвојување на Годишни извештаи за работа на ООУ на територија на Општина Јегуновце за учебната 2017/2018 г.

1. Се усвојуваат Годишните извештаи за работа на ООУ на територија на Општина Јегуновце за учебната 2017/2018 г. за:

- ООУ „Александар Здравковски„ с.Јегуновце
- ООУ „Симче Настовски„ с.Вратница и
- ООУ „Шемшово„ с.Шемшово

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавување во службен гласник на Општина Јегуновце

Бр.08-1312/6
21.09.2018 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Орхан Сабрии,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства на друштво за услуги ЧИСТОТА ЈЕГУНОЦЕ ДООЕЛ с.Јегуновце Јегуновце за уплата на надоместок за Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија за утврдување на тарифа за водоснабдување во населените места во општина Јегуновце

**Се прогласува** Одлуката за одобрување на финансиски средства на друштво за услуги ЧИСТОТА ЈЕГУНОЦЕ ДООЕЛ с.Јегуновце Јегуновце за уплата на надоместок за Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија за утврдување на тарифа за водоснабдување во населените места во општина Јегуновце, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 21.09.2018 год.

Бр. 09-1338/5
24.09.2018 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Дарко Блажески,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) Советот на Општина Јегуновце на тринаесетата седница одржана на ден 21.09.2018 год., донесе,

**ОДЛУКА**

За одобрување на финансиски срдства на Друштво за улуги ЧИСТОТА ЈЕГУНОВЦЕ ДООЕЛ с. .Јегуновце Јегуновце за уплата на надоместок на Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија за утврдување на тарифа за водоснабдување во населените места во општина Јегуновце

Член 1

Од Буџетот на Општина Јегуновце на Друштво за улуги ЧИСТОТА ЈЕГУНОВЦЕ ДООЕЛ с. .Јегуновце Јегуновце се одобруваат финансиски средства во износ од 30.000 ден.

Средствата од став 1 на овој член да се уплатат на Друштво за улуги ЧИСТОТА ЈЕГУНОВЦЕ ДООЕЛ с. .Јегуновце Јегуновце на жиро сметка бр. 290000001108 470 депонент ТТК банка за да ги уплати на Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија. за утврдување на тарифа за водоснабдување во населените места во Општина Јегуновце

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

**Бр.08-1312/7**
**21.09.2018 г.**
**Јегуновце**

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Орхан Сабрии,с.р.

# С О Д Р Ж И Н А

**Страна**

1. Решение за прогласување на Заклучок бр.08-1312/3 од 21.09.2018 г....... 1

2. Заклучок бр.08-1312/3 од 21.09.2018 г.......... 2

3. Решение за прогласување на Оперативен план за зимско одржување на локалната патна мрежа и улиците по населените места во Општина Јегуновце за 2018/2019 .......... 3

4. Оперативен план за зимско одржување на локалната патна мрежа и улиците по населените места во Општина Јегуновце за 2018/2019 ......... 4

5. Решение за прогласување на Заклучокот за усвојување на Годишни програми за работа на ООУ на територија на Општина Јегуновце за учебната 2018/2019 г.......... 6

6. Заклучок за усвојување на Годишни програми за работа на ООУ на територија на Општина Јегуновце за учебната 2018/2019 г .......... 7

7. Решение за прогласување на Заклучокот за усвојување на Годишните извештаи за работа на ООУ на територија на Општина Јегуновце за учебната 2018/2019 г.......... 8

8. Заклучок за усвојување на Годишните извештаи за работа на ООУ на територија на Општина Јегуновце за учебната 2018/2019 г.......... 9

9. Решение за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства на Друштвото за услуги ЧИСТОТА ЈЕГУНОВЦЕ ДООЕЛ с.Јегуновце Јегуновце за уплата на надоместок на Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија за утврдување на тарифа за водоснабдување во населените места во општина Јегуновце .......... 10

10. Одлука за одобрување на финансиски средства на Друштвото за услуги ЧИСТОТА ЈЕГУНОВЦЕ ДООЕЛ с.Јегуновце Јегуновце за уплата на надоместок на Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија за утврдување на тарифа за водоснабдување во населените места во општина Јегуновце .......... 11